Пречистен текст
**(Неофицијален консолидиран текст)**

# ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

(“Службен весник на РМ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09 и156/10)

## Дел први
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот
### Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат погодностите за инвестирање во технолошките индустриски развојни зони, условите, начинот и постапката за основањето, развојот и работењето на технолошките индустриски развојни зони, дејностите кои се вршат во технолошките индустриски развојни зони и посебните услови за нивно вршење, примената на царинските прописи во технолошките индустриски развојни зони, како и престанокот на работа на технолошките индустриски развојни зони и на корисникот на технолошките индустриски развојни зони.

(2) Овој закон претставува шема на помош согласно со прописите за државна помош.

### Цел на законот
### Член 2

Целта на овој закон е забрзување на економскиот развој со привлекување на странски и домашен капитал за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето.

### Јавен интерес
### Член 3

Изградбата и изведувањето на работите за основање и работење на технолошките индустриски развојни зони е од јавен интерес.

### Значење на употребени поими
### Член 4

(1) Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. “Даночен обврзник” е оној кој што согласно со Законот за даночната постапка се дефинира како таков;

2. “Даночен орган” е орган на државната управа кој ги извршува управните и другите стручни работи утврдени со Законот за Управата за јавни приходи;

3. “Домашна стока/добра” е стока:

- целосно добиена на царинското подрачје на Република Македонија согласно со членот 22 од Царинскиот закон, во која не е вградена стока увезена од други земји. Стоката добиена од стока ставена во одложувачка постапка се смета дека нема статус на домашна стока,
- увезена од други земји и пуштена во слободен промет и
- добиена или произведена на царинското подрачје на Република Македонија, било од стока наведена само во алинејата 2 или од стока наведена во алинеите 1 и 2 од оваа точка;

4. “Државна помош” е секоја помош, доделена од давателот на државната помош, во секој облик, со која се создаваат поволности за определени претпријатија, производство на одредени стоки или давање на одредени услуги;

5. “Интензитет на помошта” е износ на помошта изразен во процент на оправдани инвестициски трошоци или во процент на пресметаните трошоци за плати за сите работни места создадени со инвестицискиот проект;

6. “Давател на државна помош” е Владата на Република Македонија и органите на државната управа.

7. “Корисник на технолошката индустриска развојна зона” е секое домашно или странско физичко или правно лице, кое е регистрирано за вршење на дејност согласно со Законот за трговските друштва и кое заради користење на технолошката индустриска развојна зона склучило договор за вршење дејност со основачот на технолошката индустриска развојна зона и му е издадено **решение за отпочнување со работа**.

8. “Мало претпријатие” е претпријатие кое има помалку од 50 вработени и има годишен обрт кој не преминува 7 милиони евра во денарска противвредност или вкупен биланс на состојба кој не преминува 5 милиони евра во денарска противвредност и кои не се во сопственост од 25% или повеќе од капиталот или гласачките права на едно претпријатие, или здружени од повеќе претпријатија, кои спаѓаат надвор од дефиницијата за мали и средни претпријатија.

9. “Основач на технолошка индустриска развојна зона” е Владата на Република Македонија или домашно или странско правно лице; Основач на технолошка индустриска развојна зона може да биде и правно лице кое дејноста на основач ја врши согласно договорите за јавно приватно партнерство.

10. „Почетна инвестиција” е инвестиција во материјални и нематеријални средства во врска со:

- воспоставување на ново претпријатие;
- надградба на постоечко претпријатие;
- диверзификација на производството на едно претпријатие со нови, дополнителни производи и
- фундаментална промена на севкупниот производствен процес на постоечкото претпријатие.

Инвестиција за замена не се смета за почетна инвестиција;

11. „Материјални средства” се средства во врска со земјиште, згради и постројки/машинерија. Во случај на превземање на едно претпријатие, само трошоците за купување на имот од трети страни треба да се земат во предвид, доколку трансакцијата се случи согласно пазарните услови;

12. „Нематеријални средства” се средства вклучени со трансферот на технологија преку преземање на правата на патент, лиценци, кноњ-хоњ, или непатентирано техничко знаење.

За малите и средни претпријатија, целосните трошоци за инвестиции во нематеријални средства со трансфер на технологија преку преземање на правата на патент, лиценци, know-how , или непатентирано техничко знаење може секогаш да се земат во предвид. За големите претпријатија, ваквите трошоци се оправдани само до граница од 50% од вкупните оправдани инвестициски трошоци за проектот;

13. „Претпријатие со потешкотии" е претпријатие со растечки загуби, опаѓачки промет, зголемени залихи, вишок на капацитет, пад на готовинските приливи, растечки долгови, трошоци за растечки каматни стапки и опаѓачка, или нулта вредност на активата, во случај на претпријатие каде што барем некои од членовите имаат неограничени обврски за долгот на претпријатието, каде што повеќе од половина од капиталот е исчезнат од сметките на претпријатието и повеќе од една четвртина на капиталот е загубен во претходните дванаесет месеци, како и во сите случаи случаи каде што се исполнети условите за отварање на стечајна постапка според прописите за стечај. Во секој случај, како претпријатие со потешкотии се смета претпријатието за кое е јасно дека не може да закрепне преку неговите ресурси или со фондови кои ги добива од неговите сопственици/акционери или од пазарни извори.

14."Регионална помош" е помош која одговара на регионалните политички цели на Република Македонија, поддржувајќи почетна инвестиција или создавање на работно место, кое е поврзано со инвестиција;

15. " Создавање на работно место" е нето зголемување на бројот на вработените кои директно се вработени во претпријатие споредено со просекот во претходните 12 месеца. Секое изгубено работно место во текот на тој период од 12 месеца мора да биде одземено од бројот на работни места создадени во текот на истиот период.

Износот на помошта не смее да надмине одреден процент од трошоците за плата за лицето кое е вработено, пресметан во период од две години. Процентот е еднаков на интензитетот дозволен во законски регулирани услови и процедура за давање на помош за вработување.

16. "Средно претпријатие" е претпријатие кое има помалку од 250 вработени и има годишен обрт кој не преминува 40 милиони евра во денарска противвредност, или вкупен биланс на состојба кој не преминува 27 милиони евра во денарска противвредност, и кои не се во сопственост од 25% или повеќе од капиталот или гласачките права на едно претпријатие, или здружени од повеќе претпријатија, кои спаѓаат надвор од дефиницијата за мали и средни претпријатија;"

17. "Ставање на стока на увид на царинскиот орган" е известување до царинскиот орган, на пропишан начин, за пристигнување на стоката кај царинскиот орган или кое било друго место кое царинскиот орган го одредил или одобрил;

18. "Странска стока/добра" е стока различна од онаа наведена во точката 3 од овој став. Статус на странска стока ќе добие и домашната стока кога ќе биде изнесена од царинското подрачје;

19. "Технолошка индустриска развојна зона" (во натамошниот текст: зона) е дел од територијата на Република Македонија како дел од царинско подрачје, одвоен од останатиот дел од царинското подрачје, посебно ограден и означен простор што претставува функционална целина во која се вршат дејности под услови пропишани со овој и друг закон и во кој важат царинските и даночните погодности утврдени со овој и друг закон. Технолошката индустриска развојна зона се формира заради развој на високо пропулзивни и современи технологии со воведување на економски профитабилно производство и ефикасна употреба на ресурсите со примена на највисоки еколошки стандарди. Технолошката индустриска развојна зона е слободна зона од аспект на царинскиот и даночните закони.

20. "Трошоци за плата" е вкупната сума која треба да ја плати примателот на државната помош во врска со односните вработувања, која се состои од бруто плата, данок и задолжителни придонеси за социјално осигурување. "

21."Царински дозволено постапување или употреба на стока" е:

а) ставање на стока во царинска постапка,

б) внесување на стока во зона или слободен склад,

в) повторен извоз на стока од царинското подрачје,

г) уништување на стока и

д) отстапување на стока во корист на државата;

22. "Царински долг" е обврска на лице да го плати износот на увозните давачки (царински долг при увоз) или извозните давачки (царински долг при извоз), кои се пропишани за одредена стока според прописите на Република Македонија;

23."Царинска контрола" е извршување на конкретни дејствија, како што се: преглед на стока; проверка на постоење, веродостојност и точност на документите; преглед на деловни книги и други евиденции; преглед и претрес на транспортни средства; преглед и претрес на личен багаж и друга стока која ја носат лицата со или на себе; спроведување на службени постапки и други слични дејствија во поглед на запазување на царинските прописи, а кога е потребно и на други прописи кои важат за стока која е предмет на царинскиот надзор;

24."Царински надзор" се општи мерки кои ги презема царинскиот орган заради обезбедување на примена на царинските прописи, а кога е потребно и на други прописи кои важат за стока која е предмет на царинскиот надзор;

25."Царински орган" е организациона единица на Царинската управа утврдена со закон која е надлежна за примена на царинските или другите прописи каде што може да се извршуваат сите или некои од пропишаните формалности;

26. "Царински постапки" се:

- пуштање на стока во слободен промет,
- транзит,
- царинско складирање,
- увоз за облагородување,
- преработка под царинска контрола,
- привремен увоз,
- извоз за облагородување и
- извоз и

27. "Царински прописи" се Царинскиот закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

(2) Во овој закон изразувањето во еднина вклучува множина, а множината може да се однесува на еднина, освен кога со зборовите: "само" или "освен" не е исклучена множината или еднината.

**ОБЕМ НА ДРЖАВНА ПОМОШ**

**Член 4-а**

(1) На корисниците во зоните се доделува државна помош во облик на регионална помош според условите утврдени со овој закон. Регионална помош може да се додели за почетно инвестирање во материјални и нематеријални средства (патенти, лиценци, кнољ-хољ или непатентирано техничко знаење).

(2) Регионална помош во смисла на овој закон не може да се доделува на претпријатија со потешкотии.

(3) Придонесот на примателот на помошта треба да изнесува најмалку 25% од оправданите инвестициски трошоци и притоа тој придонес да не биде производ на државна помош.

(4) Максималниот интензитет на регионалната помош изнесува најмногу до 50% од оправданите инвестициски трошоци или од трошоците за плата за новоотворени работни места за период од две години.

(5) Максималниот интензитет на регионалната помош за мали претпријатија изнесува најмногу до 70%, а за средни претпријатија најмногу до 60% од оправданите инвестициски трошоци или од трошоците за плата за новоотворени работни места за период од две години.

(6) Почетните инвестициони проекти со оправдани трошоци над 50 милиони евра во денарска противвредност, посебно се нотифицираат до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(7) Интензитетот на помош за инвестиционите проекти од ставот (6) на овој закон може да изнесува:

- 100% од максималниот интензитет на регионална помош - за делот на оправданите трошоци во висина до 50 милиони евра во денарска противвредност;
- 50% од максималниот интензитет на регионална помош - за делот на оправданите трошоци во висина од 50 до 100 милиони евра во денарска противвредност и
- 34% од максималниот интензитет на регионална помош - за делот на оправдани трошоци кои надминуваат 100 милиони евра во денарска противвредност.

(8) Одредбите од ставот (7) на овој член се применуваат за проекти за кои почетната инвестиција е остварена во период од три години од една или повеќе компании и содржи материјални средства поврзани на економски неделив начин.

(9) Регионалната помош ги содржи поволностите опишани во членот 5, став (1), точки 1) и 2) и членовите 6, 7 и 8 од овој закон. Кумулацијата на помошта предвидена во членот 5, став (1), точки 1) и 2) и членовите 6, 7 и 8 од овој закон не може да го надмине интензитетот на помош предвиден во овој член.

(10) На претпријатијата во технолошките индустриски развојни зони, на кои им е доделена државна помош, не може да им се додели друга регионална помош, за истите оправдани трошоци.

(11) Во име на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија склучува договор во кој е определена државната помош која се доделува на корисникот на зоната, согласно со овој закон, за кои договори Владата на Република Македонија дава претходна согласност.

(12) Давателите на државна помош се должни согласно со овој закон секоја година до 28 февруари да доставуваат до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија информации за доделената државна помош, за изминатата година. Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија доставува до Собранието на Република Македонија и до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони вкупна информација да доделената државна помош, за изминатата година.

(13) Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони води евиденција за доделената државна помош и во име на давателот на државна помош доставува годишен извештај до Комисијата за заштита на конкуренцијата еднаш годишно најдоцна до 31 март во тековната за предходната година.

## Дел втори
## ПОГОДНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА

### Даночни ослободувања и олеснувања и постапувања
### Член 5

(1) Под условите и во границите утврдени во член 4-а од овој закон, даночниот обврзник, корисник на зоната, подлежи на ослободувања и олеснувања од плаќање на:

1) данокот на добивка за период од десет години од започнувањето на вршењето на дејност во зоната но не подолго од две години, по годината на добивање на **решението за отпочнување со работа**, под услови утврдени со овој закон и

2) персонален данок на доход на примањата по основ на платите на вработените лица, за период од 10 години од започнувањето на вршење на дејност во зоната, односно од првиот месец во кој корисникот ќе изврши исплата на плата, без разлика на бројот на вработените лица кај корисникот, под услови утврдени со овој закон.

(2) Прометот на добра и услуги во технолошките индустриски развојни зони, освен прометот наменет за крајна потрошувачка, не е предмет на оданочување со данок на додадена вредност.

(3) Од плаќање на данок на додадена вредност се ослободува увозот на добра во технолошките индустриски развојни зони, под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, односно не се наменети за крајна потрошувачка.

### Царински ослободувања и олеснувања
### Член 6

(1) Под условите и во границите утврдени во членот 4-а од овој закон, корисникот на зоната, подлежи на царински ослободувања и олеснувања согласно со одредбите на Царинскиот закон, освен ако поинаку не е уредено со овој закон.

(2) Корисникот на зоната кој врши производствена дејност и дејности од областа на информатичката технологија (изработка на софтвери, склопување, хардвер, дигитални записи, компјутерски чипови и сл.), научно-истражувачка дејност и производство засновано на нови технологии со високи еколошки стандарди се иззема од обврската за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по одредувањето на царински дозволено постапување или употреба на стоката.

(3) Ослободувањата или олеснувањата од ставот (1) на овој член не се однесуваат на алкохол и алкохолни пијалоци, како и на тутун и производи од тутун.

(4) Корисникот на зоната може да користи поволност за увоз на опрема согласно со членот 42 од овој закон.

### Помош за обука и усовршување
### Член 6-а

(1) На корисникот на зоната кој обезбедува нови вработувања може да се додели помош за оправданите трошоци за образование во форма на посебно или општо усовршување на работниците:

1) посебно усовршување од ставот (1) на овој член е предвидено за стекнување на теоретско и практично знаење применливо за сегашните или идните работни места на претпријатието коешто е корисник на државната помош и

2) општото усовршување од ставот (1) на овој член е предвидено за стекнување на теоретско и практично знаење применливо за сегашните или идните работни места на претпријатието корисник на државната помош, но и за други претпријатија или во други активности, коишто значително ги зголемуваат можностите за вработување на работникот

(2) Помош од овој член може да биде доделена во износ до 50 % од оправданите трошоци во случај на општото усовршување и во износ до 25 % од оправданите трошоци во случај на посебното усовршување.

(3) Интензитетот на помошта од ставот (2) на овој член може да биде зголемен за:

- 10 процентни поени од оправданите трошоци со цел за посебно усовршување и за 20 процентни поени од оправданите трошоци со цел за општо професионално усовршување кај мали и средни претпријатија,
- 10 процентни поени од оправданите трошоци на територијата на Република Македонија и
- 10 процентни поени од оправданите трошоци, доколку професионалното усовршување треба да го искористат лица кои имаат потешкотии да најдат вработување.

(4) Интензитетот на државната помош од ставот (3) на овој член може да се кумулира.

(5) Оправданите трошоци со цел за усовршување, согласно со ставот (1) од овој член се:

- трошоците за предавачот,
- патните трошоци на предавачот и лицата кои се вклучени во усовршување,
- други тековни трошоци,
- трошоците поврзани со амортизирањето на машините и опремата во согласност со опсегот на нивната употреба, со цел за професионално усовршување,
- трошоците за консултации во врска со проектот за усовршување и
- трошоците за учесниците во проектот за професионално усовршување во износ на сите оправдани трошоци од овој став.

**Член 7**

Под условите и во границите утврдени во член 4-а од овој закон, корисникот на зоната ослободувањата и олеснувањата утврдени во членовите 5 и 6 од овој закон ги остварува за вршење на:

1) производни дејности;

2) дејности од областа на информатичката технологија (изработка на софтвери, склопување хардвер, дигитални записи, компјутерски чипови и сл.), научно-истражувачка дејност и производство засновано на нови технологии со високи еколошки стандарди и

3) услуги кои се директно поврзани со увоз на добра кои се внесуваат во зоната, под услов добрата да не се наменети за крајна потрошувачка.

**Други погодности**

**Член 8**

(1) Под условите и во границите утврдени во член 4-а од овој закон, корисникот на зоната кој врши некоја од дејностите утврдени во членот 7 од овој закон, ги остварува и следниве погодности:

1) **Корисникот на зоната е ослободен од плаќање на надомест за уредување на градежото земјиште, согласно одредбите на Законот на градежно земјиште.**

2 ) по исклучок од одредбите на Законот за заштита и спасување, корисникот на зоната се ослободува од обврска да гради засолниште при градба на објекти во зоната, како и од плаќање на придонес за изградба, одржување и опремување на засолништето;

3) Владата на Република Македонија може да учествува во трошоците за изградба на градежен објект за корисник во зоната во висина до 500.000 евра во денарска противвредност под следните критериуми:

- 100.000 евра во денарска противвредност – за инвестициони вложувања од 1-2 милиони евра во денарска противвредност или 20 нови вработувања;
- 200.000 евра во денарска противвредност – за инвестициони вложувања од 2-5 милиони евра во денарска противвредност или 40 нови вработувања;
- 300.000 евра во денарска противвредност – за инвестициони вложувања од 5-10 милиони евра во денарска противвредност или 60 нови вработувања;
- 400.000 евра во денарска противвредност – за инвестициони вложувања од 10-15 милиони евра во денарска противвредност или 80 нови вработувања;
- 500.000 евра во денарска противвредност – за инвестициони вложувања над 15 милиони евра во денарска противвредност или над 100 нови вработувања.”

За исполнување на условите од точката 3 од овој став, на предлог на Агенцијата за странски инвестиции **и промоција на извозот** на Република Македонија одлучува Владата на Република Македонија, во постапка утврдена во членот 8-а од овој закон.

**(2) Основачот на зоната е ослободен од плаќање на надомест за уредување на градежото земјиште, согласно одредбите на Законот на градежно земјиште.**

(3) Земјиштето за основање на зона се дава под закуп на основачот на зоната за период до 99 години, **од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.**

(**4) За давањето под закуп на земјиште согласно став (3) на овој член, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и основачот на зоната склучуваат договор за стопанисување и управување со технолошка индустриска развојна зона за кој Владата на Република Македонија дава претходна согласност.**

(5) Земјиштето во зоната се дава под закуп од основачот на зоната на корисниците за период до 99 години.

(6) Периодот на закуп на земјиштето и висината на закупнината на земјиштето за основачите на зона како и за корисници на зона кога Владата на Република Македонија е основач, ги определува Владата на Република Македонија за секој поединечен случај.

(7) Корисникот на зоната е должен на доделеното земјиште за користење да отпочне со градба во рок од девет месеца од склучувањето на договорот за закуп, а најдоцна за 30 месеца да заврши со градбата и да почне со производство.

(8) Договорот за закуп на земјиштето еднострано се раскинува, доколку **корисникот на зоната** во рок од девет месеца од денот на потпишувањето на договорот за закуп не отпочне со градба на градежниот објект и ако во рок од 30 месеца не започне со производство.

**Постапка за доделување на државна помош**
**Член 8-а**

(1) Договор за доделување на државна помош може да се склучи само под услов ако претпријатието на кое ќе му се додели државна помош до Агенцијата за странски инвестиции **и промоција на извозот** на Република Македонија достави писмо за намери, регистрација на претпријатието во Република Македонија и деловен план.

(2) Деловниот план од ставот (1) на овој член се состои од следните елементи:

- опис на компанијата, консолидирани финансиски извештаи за последните три години и преглед на бизнис активностите планирани да се вршат во технолошките индустриски развојни зони;
- локација и површина на бараната земјишна парцела;
- период на започнување и завршување на градбата и период на започнување на производството;
- вкупен износ на инвестицијата;
- вкупен број на нови вработувања, квалификации на вработените, динамика на вработување за период од десет години;
- план на приходи и добивка за период од десет години;
- план за идно проширување;
- локација на пазарот.

(3) Агенцијата за странски инвестиции **и промоција на извозот** на Република Македонија има обврска во рок од десет дена од доставувањето на деловниот план од страна на претпријатието до Владата на Република Македонија да го достави деловниот план од ставот (2) на овој член, со предлог за доделување на државна помош.

(4) Владата на Република Македонија одлучува за доделување на државна помош на претпријатието во рок од 30 дена од денот на доставувањето на предлогот од Агенцијата за странски инвестиции **и промоција на извозот** на Република Македонија од ставот (3) на овој член.

**Услови и постапка за остварување на даночни ослободувања и олеснувања**
**Член 9**

(1) Корисникот на зоната кој спроведува почетна инвестиција остварува даночни ослободувања и олеснувања, ако:
1) врши нова дејност, а не ја пренесува дејноста од друго подрачје на Република Македонија во зоната;
2) нема ненамирени пристигнати даночни или царински обврски и
3) не е отворена стечајна постапка.

(2) За остварување на даночни ослободувања и олеснувања од членот 5 став (1) точки 1) и 2) на овој закон, корисникот на зоната поднесува даночно барање до надлежниот даночен орган преку Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до 31 март наредната година.

(3) Согласно со ставот (2) од овој член, кон даночното барање корисникот на зоната е должен да приложи:
1) договор за вршење дејност со основачот на зоната;
2) решение од членот 29 став (4), односно решение од членот 33 став (3) на овој закон;
3) годишна сметка и даночен биланс за предходната година заедно со образец СПД – Структура на приходите по дејности;
4) доказ од Централниот регистер за тековна состојба на бонитетот на корисникот не постар од 6 месеца;
5) уверение издадено од надлежен орган дека корисникот на зоната нема пристигнати, а ненамирени даночни и царински обврски и
6) уверение издадено од надлежен суд и Централен регистар дека над корисникот на зоната не е отворена стечајна постапка или постапка за ликвидација.

(4) Врз основа на одлуката за компатибилност на доделена државна помош на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно овој закон даночниот орган донесува решение за даночно ослободување.

(5) Доказите од ставот (3) точки 1, 2 и 4 на овој член се поднесуваат во рок од 15 дена по добивање на решението за отпочнување со работа од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

(6) Доказите од ставот (3) точки 3, 5 и 6 на овој член се поднесуваат секоја година од работењето во зоната, најдоцна до 31 март во тековната година.

(7) Доколку се исполнети условите од овој член, даночниот орган ја спроведува одлуката на Комисијата за заштита на конкуренција и на корисникот му издава решение за соодветно даночно ослободување и олеснување во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето. Истото го доставува до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од 8 дена од денот на донесувањето.”

(8) Корисникот на зоната подлежи на даночни ослободувања и олеснувања од членот 5 на овој закон по добивањето на **решението за отпочнување со работа** од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**Дел трети**
**УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ОСНОВАЊЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА**

**Општи услови за основање технолошка индустриска развојна зона**
**Член 10**

(1) Зоната се основа ако:
1) се обезбедени просторни, енергетски, технички и други услови за вршење дејност во зоната;
2) не се применуваат производно-технолошки процеси и не се произведуваат и складираат стоки, односно не се вршат услуги што ја загрозуваат животната средина и природата и
3) основачот на зоната обезбеди средства за основање на зоната.

(2) Условите за основање на зоната од ставот (1) точка 1 на овој член до границата на зоната ги обезбедува **Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на** Владата на Република Македонија.

(3) Основачот на зоната обезбедува средства за основање и почеток на работата на зоната, како и соодветни просторни, инфраструктурни, еколошки, енергетски, технички и други услови за вршење на дејност во зоната и донесува акт за нејзино основање.

(4) Основачот на зоната, освен кога како основач се јавува Владата на Република Македонија, регистрира трговско друштво кое врши економски, технички, административни и други работи во врска со вршењето на дејностите во зоната.

**Просторни услови за основање технолошка индустриска развојна зона**
**Член 11**

(1) Зоната се основа на подрачје за кое е донесена соодветна урбанистичко - планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање, на земјиште во сопственост на Република Македонија.

(2) Зоната може да се состои од повеќе одделни делови на територијата на Република Македонија, кои сочинуваат стопанска и функционална целина и секоја од нив треба да биде оградена и означена.

## Дел четврти
## ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**Надлежности на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони**
**Член 12**

(1) Работите сврзани со основањето, развојот и следењето на зоните ги врши Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во натамошниот текст: Дирекцијата).

**(2) Дирекцијата ги врши следниве работи:**

**1) планирање и развој на зоните и обезбедување на услови за користење на просторот;**

**2) врши анализа на локацијата и обезбедува услови за планирање на истата;**

**3) ја обезбедува целокупната планска документација потребна за основање на зоната;**

**4) ја обезбедува целокупната проектна – техничка документација за изградба и функционирање на зоната;**

**5) дава одобрение за основање на зона;**

**6) ги промовира и рекламира зоните и остварува односи со јавноста;**

**7) привлекува основачи и корисници на зоната;**

**8) води евиденција на дејностите во просторот на зоната;**

**9) донесува решение за отпочнување со работа на корисникот на зоната;**

**10) донесува решение за укинување на решението за отпочнување со работа;**

**11) донесува решение за започнување со работа на зоната, во случај кога основач на зоната не е Владата на Република Македонија;**

**12) донесува акт за укинување на решението за започнување со работа на зоната во случај кога основач на зоната не е Владата на Република Македонија;**

**13) донесува тарифник за надоместоци за извршени услуги на основачот и тарифник за надоместоци за извршени услуги на корисникот, за кои Владата на Република Македонија дава согласност.**

**14) остварува соработка со органите на државната управа, јавните претпријатија и трговските друштва поврзани со зоната и тоа при обезбедување на:**

**- согласности, одобренија, дозволи, односно сертификати утврдени со посебни закони потребни за основање, отпочнување со работа и работење на зоната,**

**- надзор над функционирањето на инфраструктурата во зоната,**

**- заштита на јавната безбедност и сигурност на лицата и имотот во просторот на зоната и**

**- заштита од недозволена трговија;**

15) обезбедува средства и врши исплати по однос на спроведена постапка за експропријација, процена за насади, посеви, огради и вложувања на парцелите до и во зоната, а за потребите на зоната согласно одредбите од Законот за експропријација и согласно одобрена планска документација, проект за инфраструктура и друга соодветна техничка документација,

**16) обезбедува потребна документација за основање на зоната и за градење на инфраструктурни и други објекти до и во зоната, согласно закон;**

**17) ја отстапува целокупната проектна – техничка документација на основачот на зоната;**

**18) гради инфраструктурни и други објекти до и во зоната;**

**19) може да управува со земјиштето и објектите изградени за потребите на зоната, до и во зоната, а кои се во сопственост на Република Македонија;**

**20) го одобрува актот од членот 34 на овој закон;**

**21) го следи работењето на зоната и по потреба предлага мерки до Владата на Република Македонија;**

**22) дава согласност на сите договори за закуп и подзакуп меѓу основачот и корисниците, доставени од основачот на зоната;**

**23) ги врши сите работи, освен оние за кои на основачот и/или корисникот му е потребна предходна дозвола, согласност или одобрение од надлежен орган согласно со закон;**

**24) води евиденција за доделената државна помош и во име на давателот, односно давателите на државна помош подготвува годишен извештај и го доставува до Комисијата за заштита на конкуренција еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната година;**

**25) го известува даночниот орган за одлуката на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста и висината на доделената државна помош во вид на даночно олеснување, како и за извештајот со кој се потврдува дека инвестициите и новоотворените работни места се одржани и по истекот на секоја година во рамките на периодот од 10 последователни години утврдени со членот 5 став (1) и (2) од овој закон, најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната година,**

26) склучува договор **за стопанисување и управување со технолошка индустриска развојна зона** со основачот на зоната од член 8 став (4) од овој закон,

27) врши контрола врз работењето на основачите и корисниците на технолошко индустриските развојни зони,

**28) врши други работи поврзани со функционирањето на зоната.**

(3) Дирекцијата има својство на правно лице.

(4) Во случај кога Владата на Република Македонија е основач на зона Дирекцијата ги врши работите од надлежност на основачот на зоната во име на основачот.

- склучува договори за закуп на земјиштетето и објектите во зоната со корисниците, за кои Владата на Република Македонија дава предходна согласност;
- склучува договори за вршење на дејност со корисниците на зоната;
- обезбедува потребна документација за градење на инфраструктурните и други објекти неопходни за функционирање на зоната, согласно закон ;
- го уредува градежното земјиште и гради инфраструктурни и други објекти до и во зоната**, согласно одредбите од одобрената планска документација, проектот за инфраструктура и друга соодветна техничка документација**;
- управува со земјиштето и објектите до и во зоната кои се сопственост на Република Македонија, согласно овој закон и
- донесува правила на основачот и тарифник на основачот за извршени услуги на корисници во зона согласно член 34 став (1) од овој закон, за кои Владата на Република Македонија дава согласност

**Член 13**

(1) За реализација на работите од својата надлежност, Дирекцијата донесува годишна програма со финансиски план **и тригодишна инвестициона програма** по кои Владата на Република Македонија дава согласност.

(2) Годишната програма со финансискиот план од ставот (1) на овој член, Дирекцијата ги доставува до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

**(3) Тригодишната инвестициона програма од ставот (1) на овој член, Дирекцијата ја доставува до Владата на Република Македонија, најдоцна три месеци пред истекот на важноста на претходната.**

**(4)** Дирекцијата до крајот на мај во тековната година изготвува извештај за работењето на зоната за претходната година и го доставува до Владата на Република Македонија за усвојување.

**Директор на Дирекцијата**

**Член 14**

(1) Со Дирекцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) Заменикот на директорот го заменува директорот во случај на негова отсутност или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

(4) За директор и заменик на директорот може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да има завршено најмалку високо образование,
- да има најмалку пет години работно искуство,
- да има најмалку три години работно искуство на раководно место,
- активно да го познава англискиот јазик и
- да има искуство од соработка со меѓународни организации и институции.

(5) Директорот и заменикот на директорот се именуваат со мандат од четири години.

**Член 15**

Директорот на Дирекцијата ги врши следниве работи:

- ја претставува и застапува Дирекцијата,
- ја организира работата и раководи со стручните служби на Дирекцијата,
- ги извршува одлуките на управниот одбор,
- се грижи за законито работење по однос на надлежностите утврдени во членот 12 од овој закон,
- врши усогласување на деловните активности на Дирекцијата,
- ја изготвува годишната програма **со** финансискиот план на Дирекцијата,
- **ја изготвува тригодишната инвестициона програма,**
- изготвува извештај за работењето на зоната за претходната година,
- ги донесува општите акти за организација и систематизација на работењето на Дирекцијата,
- донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи и
- одлучува и за други прашања утврдени со овој закон и Статутот на Дирекцијата.

**Член 16**

(1) Директорот на Дирекцијата е должен секој шест месеца да доставува извештај за работата на Дирекцијата до Владата на Република Македонија.

(2) Во извештајот од ставот (1) на овој член директорот е должен особено да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при вршење на работите на Дирекцијата.

(3) Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци и/или загуби во финансиското работење на Дирекцијата директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеца.

**Член 17**

Директорот и заменикот на директорот на Дирекцијата се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- на негово барање,
- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на Дирекцијата или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив,
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика нарушувања во вршењето на работите на Дирекцијата и причини штета,

- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на Дирекцијата,
- ако не достави извештај согласно членот (16) став (1) од овој закон и
- ако и по истекот на рокот определен во членот 16 став (3) од овој закон не ги отстрани недостатоците или/и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење.

**Член 18**

За реализација на своите активности, Дирекцијата може согласно со закон да користи услуги на специјализирани правни и физички лица од земјата и странство.

**Управен Одбор**
**Член 19**

**(1) Со Дирекцијата управува Управен одбор кој е составен од седум члена и тоа по еден член предложен од: министерот надлежен за работите од областа на економијата, министерот надлежен за работите од областа на финансиите, министерот надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика, министерот надлежен за работите од областа на транспортот и врски, министерот надлежен за работите од областа на животната средина и просторно планирање, министерот надлежен за работите од областа на надворешните работи и од директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.**

(2) Членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Македонија.

(3) Со работата на Управниот одбор раководи претседател.

(4) Членовите на Управниот одбор избираат претседател на Управниот одбор, на првата седница.

(5) Претседателот и членовите на Управниот одбор се именуваат за време од четири години.

**Член 20**

(1) Управниот одбор на Дирекцијата ги има следниве надлежности:
- донесува статут на Дирекцијата,
- донесува годишна програма **со** финансиски план,
- **донесува тригодишна инвестициона програма**
- ја информира Владата на Република Македонија за постоечките административни и законски пречки за инвестирањето и предлага мерки за нивно отстранување,
- му помага на директорот на Дирекцијата со давање на мислење и предлози за имплементација на програмата за работа,
- ги донесува прописите и другите акти на Дирекцијата согласно со овластувањата од овој закон,
- ги разгледува и одобрува извештаите за активностите на Дирекцијата и
- врши други работи согласно со овој закон и Статутот на Дирекцијата.

**Статус на вработените во Дирекцијата**
**Член 20-а**

(1) Вработените лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се државни службеници и во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за државни службеници.

(2) Вработените лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони кои вршат должности и овластувања од специфична природа на работните задачи поврзани со раководење, стопанисување и одржување на технолошко индустриските развојни зони, како и вработените лица кои вршат помошни и технички работи, не се државни службеници и за нив се применува Законот за работните односи, општите и посебни прописи од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување.

**Статут на Дирекцијата**
**Член 21**

(1) Со Статутот на Дирекцијата се регулира работењето и организацијата на Дирекцијата; надлежностите на Управниот одбор и на директорот на Дирекцијата, меѓусебните односи на директорот и Управниот одбор; како и други прашања од значење за работењето на Дирекцијата.

(2) Статутот на Дирекцијата го донесува Управниот одбор на Дирекцијата.

(3) Владата на Република Македонија дава согласност на Статутот на Дирекцијата.

**Средства за работа на Дирекцијата**
**Член 22**

Средства за работа на Дирекцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од сопствени приходи остварени од надоместоци за извршени услуги согласно со членовите 12 и 34 од овој закон.

## Дел петти
## ПОСТАПКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА

**Основач на технолошка индустриска развојна зона**
**Член 23**

(1) Зона може да основа едно или повеќе домашни или странски правни лица (во натамошниот текст: основач на зона).

(2) Зона може да основа и Владата на Република Македонија.

(3) Основачите од ставовите (1) и (2) на овој член донесуваат акт за основање.

(4) Работите во врска со основање, управување и развој на зоните во име на Владата на Република Македонија ги врши Дирекцијата.

**(5) Поблиските критериуми и постапката за основање на зона од ставот (1) на овој член ги донесува Владата на Република Македонија по предлог на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.**

(6) Кога зоната ја основаат повеќе основачи, склучуваат меѓусебен договор за основање зона.

(7) Основачот на зоната, освен кога Владата на Република Македонија е основач на зона, може да биде истовремено и корисник на зоната.

(8) Основачот на зоната од ставовите (1) и (6) од овој член треба да има:

1) обезбеден писмен доказ за финансиска состојба со кој ќе се утврди дека има потребни средства на сметка во банка, како и извештај од овластена ревизорска куќа и

2) доказ за претходно искуство од трговска дејност или од работење во зона.

**(9) Основачот на зона од ставовите (1) и (6) од овој член е должен да започне со градба најдоцна во рок од шест месеци од денот на правосилноста на одобрението за градба и да заврши со градбата во рок од три години.**

**Акт, односно договор за основање технолошка индустриска развојна зона**

**Член 24**

Актот, односно договорот за основање на зона од членот 23 ставови (3) и (5) на овој закон содржи:

1) назив на основачот, односно основачите на зоната;

2) назив на зоната;

3) подрачје на зоната;

4) дејности што се вршат во зоната и

5) период за кој се основа зоната.

**Барање за основање технолошка индустриска развојна зона**

**Член 25**

(1) За основање зона, освен кога основач е Владата на Република Македонија основачот поднесува писмено барање до Дирекцијата.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член треба да содржи податоци за:

1) називот, седиштето, односно адресата на подносителот на барањето;

2) дејностите што се вршат во зоната;

3) периодот за кој се основа зоната;

4) условите за градба на зоната со извод од просторен или урбанистички план, кои ги издава надлежен орган на државната управа;

5) организацијата и начинот на работењето на зоната;

6) техничко-технолошките и други услови за работа во зоната и

7) начинот на обезбедување на услови за работа на Дирекцијата, царинскиот и даночниот орган во зоната.

(3) Кон барањето, основачот на зоната е должен, покрај доказите од член 23 став (7) на овој закон, да приложи:

1) акт, односно договор за основање на зоната;

2) физибилити студија или деловен план и

3) согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и просторно планирање дека се исполнети условите предвидени со прописите од областа на животната средина.

(4) Образецот на барањето од ставот (2) на овој член го пропишува Дирекцијата.

**Согласност за основање технолошка индустриска развојна зона**

**Член 26**

(1) Дирекцијата издава одобрение за основање зона врз основа на податоците содржани во барањето и доказите од членот 25 ставови (2) и (3) на овој закон (во натамошниот текст: одобрение).

(2) Одобрението од ставот (1) на овој член се издава доколку се исполнети условите пропишни со овој и друг закон за основање на зоната.

(3) Дирекцијата, одобрението го доставува до Владата на Република Македонија, заедно со барањето и доказите од членот 25 ставови (2) и (3) на овој закон.

(4) Владата на Република Македонија, врз основа на одобрението на Дирекцијата, дава согласност за основање зона ако се исполнети условите пропишани со овој и друг закон и ако постои општ економски интерес за основање на зона.

(5) Согласноста дадена на основачот, по предлог на Дирекцијата ќе биде одземена во секое време доколку:

1) е донесена правосилна судска пресуда со која се забранува на основачот вршење на дејност;
2) основачот на зоната поднел недеродостојни податоци или документи во неговото барање;
3) не ја реализира целосно или во рокот предвиден во деловниот план доставената физибилити студија или деловниот план од член 25, став (3), точка 2) од овој закон.
4) градежните работи во зоната не започнат во рок од 6 месеци од денот на правосилно одобрение за градба и не завршат во рок од три години;
5) во рок од 6 месеци на издавање на истата не склучи договор за стопанисување и управување со технолошка индрустриска развојна зона со Дирекцијата, согласно со член 8 став (4) од овој закон, односно не ги исполни во целост или постапува спротивно на одредбите од договорот;
6) основачот на зоната не обезбеди започнување со работа во зоната;
7) Постапува спротивно на одредбите од овој закон.

(6) Со одземањето на согласноста од ставот (4) на овој член престанува да важи одобрението од ставот (1) на овој член.

(7) Против одлуката за одземање на согласност од став (5) од овој член не е дозволена жалба и може да се поведе управен спор.

**Измена на технолошка индустриска развојна зона**

**Член 27**

(1) Секоја измена на зоната се врши на начин и постапка за основање зона.

(2) Под измена во смисла на ставот (1) од овој член се смета:

1) територијална измена на веќе одобрената зона;

2) промена на локација на зоната;

3) секоја промена на страната на основачот (пристапување на нов основач, промена на сопственичка структура на капиталот, преземање на зоната од друг основач, статусна промена и откуп) и

4) промена на периодот за кој се основа зоната.

(3) За измената во смисла на став (1) од овој член, основачот е должен да ја започне постапката во рок од 30 дена од моментот на настанување на измената.

**Одделување и уредување на просторот на технолошко индустриска развојна зона**
**Член 28**

(1) Основачот на зоната е должен да го загради, уреди и означи просторот на зоната.

(2) Основачот на зоната е должен да обезбеди без надоместок простории потребни за работа на царинскиот орган, Дирекцијата и на изведувачот на железничките транспортни операции.

(3) Зоната треба да биде уредена така што влегувањето и излегувањето на лицата, транспортните средства и стоката во и од зоната е можно само преку определени влезови, односно излези и истите се предмет на царински надзор.

(4) Оградата, влезовите и излезите на зоната треба да бидат прописно уредени, обезбедени и осветлени.

(5) Поблиските критериуми и начинот на уредување на зоната од овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите.

**Постапка за исполнување на условите за вршење царински надзор**
**Член 29**

(1) За изградба на објект во зоната потребно е предходно одобрение од страна на царинскиот орган доколку предметниот објект е поврзан со исполнување на условите за вршење на царински надзор.

(2) Заради утврдување дали се исполнети условите за вршење царински надзор на подрачјето во зоната, царинскиот орган врши преглед на објектите и просториите во зоната, во присуство на основачот на зоната, во рок од 30 дена по приемот на неговото барање.

(3) Царинскиот орган, во рок од осум дена од извршениот преглед од ставот (2) на овој член, составува записник со констатации за исполнување на условите за вршење на царински надзор. Ако царинскиот орган при прегледот констатира недостатоци, во записникот утврдува рок за нивно отстранување.

(4) Царинскиот орган донесува решение за исполнување на условите за вршење на царински надзор согласно со Царинскиот закон.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член може да се изјави жалба до министерот за финансии по која се донесува решение во рок од 30 дена.

**Измени на решението**
**Член 30**

(1) Решението на Царинската управа се изменува кога Царинската управа по службена должност или на барање на основачот ќе констатира дека се изменети условите за вршење на царински надзор и контрола.

(2) Царинската управа во случај од ставот (1) на овој член донесува решение со кое се менуваат обврските поврзани со вршење на царинскиот надзор и контрола и рокот во кој основачот е должен да ги достави доказите за исполнување на изменетите обврски.

(3) Основачот на зоната кон барањето за измена на решението е должен да ги приложи и податоците за дотогашното работење на зоната.

**Член 31**

(1) Зоната започнува со работа по донесувањето на **решението за започнување со работа на зоната** од страна на Дирекцијата, најдоцна во рок од 12 месеца од денот на донесувањето на решението.

(2) Решението за започнување со работа на зоната Дирекцијата го донесува по претходно обезбедени согласности, одобренија, односно дозволи пропишани со овој и друг закон, вклучувајќи и претходно добиено одобрение за начинот и формата за водење на евиденција од централната управа на Царинската управа согласно со членот 41 од овој закон.

(3) Ако зоната не започне со работа во рокот од ставот (1) на овој член, Дирекцијата со акт го укинува решението за започнување со работа на зоната.

**Извештај за работењето на технолошка индустриска развојна зона**
**Член 32**

(1) Основачот на зоната е должен на Дирекцијата да и достави извештај за работењето на зоната за претходната година најдоцна до 15 април во тековната година (во натамошниот текст: годишен извештај).

(2) Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) обемот на производството, односно услугите остварени во зоната, квантитативно и вредносно;

2) извршената надворешно-трговска размена, вредносна и количинска и тоа по: земји, производи, земја-производ.

3) бројот на остварените вработувања во извештајниот период, по квалификациона структура.

(3) Податоците во годишниот извештај се наведуваат вкупно и по одделни корисници на зоната.

(4) Формата и содржината на извештајот го пропишува Дирекцијата.

**(5) Дирекцијата е должна да достави опомена на основачот на зоната најдоцна петнаесет дена пред истекот на рокот за извештајот од став (1) на овој член.**

**Корисник на технолошка индустриска развојна зона**
**Член 33**

(1) Корисникот на зоната, дејноста во зоната ја врши врз основа на договор за вршење дејност склучен со основачот на зоната.

(2) При склучување на договор меѓу основачот и корисникот на зоната, предност имаат корисниците кои ги исполнуваат следниве критериуми:

- зголемување на вработувањето,

- сертификат за производство со високи еколошки стандарди,
- производство засновано на нови технологии и
- висок степен на енергетска ефикасност.

(3) Корисникот во зоната отпочнува со работа по донесувањето на **решение за отпочнување со работа** од Дирекцијата.

(4) **Решението за отпочнување со работа** од ставот (3) на овој член Дирекцијата го издава по претходно добиено одобрение за евиденција од централната управа на Царинската управа согласно со членот 41 од овој закон и склучен Договор за вршење дејност меѓу основачот и корисникот на зоната.

(5) Корисникот на зоната е должен на царинскиот или друг надлежен орган да му овозможи царински или друг надзор.

**(6) Корисникот на зоната е должен на основачот, да му достави годишен извештај за работењето за претходната година, најдоцна до 31-ви март, во тековната година.**

**(7) Годишниот извештај од став (6) на овој член содржи податоци особено за:**

**1) обемот на производството, односно услугите остварени во зоната, квантитативно и вредносно;**

**2) извршената надворешно-трговска размена, вредносна и количинска и тоа по: земји, производи, земја-производ.**

**3) бројот на остварените вработувања во извештајниот период, по квалификациона структура.**

**(8) Формата и содржината на годишниот извештај од став (6) на овој член, ја пропишува Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.**

(**9) Дирекцијата е должна да достави опомена на корисникот на зоната најдоцна петнаесет дена пред истекот на рокот за извештајот од став (6) на овој член.**

**(10) Решението за отпочнување со работа** од ставот (3) на овој член Дирекцијата го укинува во следните случаи:

1) ако не работи согласно со овој закон;
2) ако е донесена правосилна судска пресуда со која се забранува на корисникот вршење на дејност;
3) доколку се утврди дека корисникот поднел неверодостојни податоци или документи во неговото барање и
4) доколку корисникот на зоната не започне со работа во зоната во согласност со одредбите од овој закон.

**(11)** Решението со кое се укинува **решението за отпочнување со работа**, Дирекцијата по службена должност го доставува до Царинската управа на Република Македонија и до надлежниот даночен орган.

**(12)** Против решението за укинување на **решението за отпочнување со работа** незадоволната странка може да поведе управен спор.

**Услови за користење на технолошка индустриска развојна зона**
**Член 34**

(1) Основачот на зоната донесува правила (во натамошниот текст: правила на основачот) за условите под кои се користи просторот на зоната за вршење дејност, дејностите кои се извршуваат во зоната, го уредува внатрешниот ред и пропишува одделни мерки за заштита на животната средина и природата и донесува тарифник за извршените услуги на корисници во зоната.

(2) Правилата на основачот не смее да се во спротивност со законите и другите прописи во Република Македонија, како и со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија.

(3) Основачот на зоната е должен на секој нејзин корисник да му овозможи подеднакви услови за вршење на дејноста во зоната.

(4) Правилата и тарифникот на основачот од ставот (1) на овој член, се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија". Ако Владата на Република Македонија не е основач на зоната, правилата и тарифникот од ставот (1) на овој член подлежат на одобрување од Дирекцијата.

## Дел шести
## ДЕЈНОСТИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВРШАТ ВО ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА НИВНО ВРШЕЊЕ

**Дејности што се вршат во технолошка индустриска развојна зона**
**Член 35**

(1) Во зоната се вршат производствени и услужни дејности, научно-истражувачки дејности, складирање, банкарски и други финансиски работи, работи на осигурување и реосигурување на имоти и лица и други работи исклучиво за потребите на работењето на зоните.

(2) Дејностите во зоната се вршат под следниве услови:

1) деловниот потфат да е во согласност со приложената физибилити студија или деловен план од членот 25 став (3) точка 2 на овој закон;

2) потеклото и квалитетот на суровините, полупроизводите и готовите производи да можат да се утврдат и контролираат;

3) работењето да не ја загрозува јавната безбедност, животната средина и здравјето на луѓето во зоната и

4) корисникот на зоната да ги осигура основните средства и вработените од ризици кои произлегуваат од работењето.

(3) Во зоната не смее да се врши активност поврзана со:

1) трговија на распаднати, расипани стоки, со истечен рок или инфицирани, отпадни материи кои ја загадуваат животната средина или кои не се за човечка и животинска употреба;

2) радиоактивни материјали, освен оние кои се потребни за индустриски, медицински и научно-истражувачки цели одобрени од надлежните органи на Република Македонија;

3) droги, хемиски и биолошки материјали, хемиски и биохемиски деривати со исклучок на оние кои се употребуваат во индустриски, преработувачки, медицински и фармацевтски цели, според сертификати издадени од Министерството за здравство;

4) оружје, муниција и експлозиви, освен стопански експлозиви;

5) производство и услуги кои потекнуваат од земји или фирми кои се предмет на ембарга и блокади наложени од национални и меѓународни органи и власти;

6) производство и услуги кои ги загрозуваат јавниот морал, јавната безбедност и одбраната и

7) производство и услуги кои не се во согласност со законите на Република Македонија и на меѓународните договори ратификувани во Република Македонија кои се однесуваат на заштитата на интелектуалната и индустриската сопственост.

**Член 36**

(1) Во зоната корисникот на зоната може да врши складирање на стоки за свои потреби.

(2) Ако капацитетите на складовите на корисниците во зоната не се целосно искористени, со согласност на Царинската управа, домашните стоки кои не се наменети за извоз можат да се складираат во зоната, но одделно од стоките на корисниците во зоната.

(3) Царинската управа нема да дозволи складирање на стоки од ставот (2) на овој член, ако со тоа се оневозможи вршење контрола над работењето во зоната.

(4) Домашните стоки кои се наоѓаат на подрачјето на зоната врз основа на согласноста од ставот (2) на овој член, се евидентираат согласно со одредбите од членот 41 на овој закон.

(5) Даночните ослободувања и олеснувања од овој закон не се однесуваат на стоките од ставот (2) на овој член.

**Стандарди, нормативи, норми за квалитет и цени**

**Член 37**

(1) На стоките кои во зоната се внесуваат заради складирање или облагородување и не се пуштени во слободен промет во зоната не се применуваат стандардите, техничките нормативи и нормите за квалитет, освен оние утврдени со прописите за заштита на животната средина и природата, јавната безбедност и здравјето на луѓето.

(2) Корисникот на зоната може при производството на стоки за извоз од зоната, наместо македонските да ги применува стандардите, техничките нормативи и нормите за квалитет кои важат во земјата за која стоките се наменети.

(3) На цените на стоките и услугите за прометот во зоната нема да се применуваат законите и другите прописи што се однесуваат на цените во Република Македонија.

**Примена на закони, договор за надминување на разликите и работни односи**

**Член 38**

(1) Споровите меѓу корисниците во зоната, меѓу корисниците и основачот на зоната и меѓу основачот на зоната и државните органи се решаваат во согласност со законите на Република Македонија.

(2) Работните односи меѓу работодавачите и вработените во зоната се уредуваат согласно со Законот за работните односи и колективен договор.

## Дел седми
## ПРИМЕНА НА ЦАРИНСКИ ПРОПИСИ

**Член 39**

Одредбите од Царинскиот закон кои се однесуваат на слободните зони и слободните складови соодветно се применуваат и важат за технолошки индустриски развојни зони.

**Движење во технолошка индустриска развојна зона**

**Член 40**

(1) Влегување и излегување на физичките лица и транспортните средства на подрачјето на зоната, како и внесување и изнесување на стоки од зоната се врши согласно царинските прописи и е предмет на царински надзор од страна на царинскиот орган.

(2) Царинскиот орган може да изврши царинска контрола на лицата, стоката и транспортните средства, кои влегуваат, излегуваат или остануваат во зоната или слободниот склад.

**Член 41**

(1) За движење и постапување со стока која се увезува, односно внесува во зоната или извезува, односно изнесува од зоната, соодветно се применуваат одредбите од Царинскиот закон, по одредувањето на царински дозволеното постапување или употреба за стоката што се внесува или изнесува во и од царинското подрачје на Република Македонија.

(2) Ако привремено се изнесе стока од зоната на територијата на Република Македонија, заради облагородување или за испитување, тестирање, рекламирање и друга привремена употреба, истото се врши на начин и услови согласно со царинските прописи.

(3) Основачот, односно корисникот на зоната, е должен да води евиденција за стока во облик одобрен од страна на Централната управа на Царинската управа, како мерка на царински надзор.

За овозможување на вршење на царински надзор, основачот, односно корисникот на зоната е должен на царинскиот орган да му достави запис од евиденцијата за стока за секое поединечно внесување или изнесување на стоката во или од зоната.

(4) Министерството за финансии донесува поблиски прописи, за задолжителните податоци кои треба да ги содржи записот од евиденцијата и го пропишува образецот од записот од евиденцијата.

Основачот, односно корисникот на зоната може да користи и други обрасци доколку ги содржат задолжителните податоци.

**Царинска стока која се користи како опрема во технолошко индустриска развојна зона**

**Член 42**

(1) Опремата која се распоредува во главите 84, 85, 86, 87, 88, 89 и 90 од Царинската тарифа и резервните делови за таа опрема, која претставува странска стока и која како дел од инвестициите на корисникот на зоната е наменета за вршење на дејност во зоната не подлежи на плаќање на увозните давачки пропишани со Законот за царинската тарифа.

(2) Опремата од став (1) на овој член корисникот на зоната ја води во своите деловни книги како опрема, согласно со меѓународните сметководствени стандарди.

(3) За опремата за која е користена поволноста од став (1) на овој член, која се изнесува на преостанатото царинско подрачје на Република Македонија се плаќаат увозни давачки чија висина се определува врз основа на елементите за утврдување на увозните давачки што важат во моментот на изнесувањето.

(4) За резервни делови за опрема од ставот (1) на овој член и алати и помагала за таа опрема соодветно се применуваат одредбите од овој член.

(5) Како опрема од овој член не може да се сметаат:

1) канцелариски мебел и опрема за канцеларии и други управни простории и

2) патнички моторни возила и други моторни возила кои се користат и надвор од зоната.

## Дел осми
## ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА И ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА КОРИСНИКОТ ВО ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА

### Престанок на работа на технолошка индустриска развојна зона
### Член 43

Зоната престанува со работа во следниве случаи:

- по поднесено барање од основачот до Дирекцијата, зоната престанува со работа по истек од 6 месеца од денот на поднесувањето на барањето,

- со престанок на договорот за закуп на земјиштето,

- кога основачот изврши измена на зоната спротивно на членот 27 од овој закон,

- врши, овозможи вршење на дејности во зоната кои не се содржани во актот, односно договорот за основање на зоната од членот 24 на овој закон или не се во согласност со дејностите кои е дозволено да се вршат во зоните од членовите 35 и 36 на овој закон,

- кога царинската управа ќе констатира дека повеќе не се исполнети условите за спроведување на царински надзор, по истекот на рокот од членот 29 став (3) на овој закон,

- основачот не донесе Правила согласно член 34 на овој закон.

### Престанок на работа на корисникот во технолошка индустриска развојна зона
### Член 44

(1) Ако во текот на работата во зоната основачот на зоната или надлежен суд го раскине договорот на корисникот на зоната со основачот, корисникот на зоната е должен за тоа да го извести царинскиот и преку Дирекцијата, даночниот орган, да им ги достави евиденциите и пресметките од работењето во зоната и да им овозможи да утврдат дали во врска со неговото работење во зоната настанал царински, односно даночен долг, кој се пресметува согласно со царинските, односно даночните прописи.

(2) Дирекцијата ќе го укине решението од членот 33 став (3) на овој закон, ако:

1) се раскине договорот меѓу основачот и корисникот на зоната;

2) добие известување од царинскиот орган за неисполнување на условите за спроведување на царински надзор;

3) врши стопанска дејност во зоната кога не е утврдена во актот, односно договорот за основање на зоната согласно со членот 24 од овој закон;

4) не му овозможи на царинскиот или друг орган надзор врз работењето во зоната согласно со членот 29 став (4) од овој закон и

5) врши стопански дејности во зоната кои не се во согласност со членовите 35 и 36 од овој закон.

### Член 45

(1) За залихите на стоки во зоната на денот на престанокот со работа се врши пресметка на даноци, царини и други давачки за секој основач/корисник на зоната, согласно со даночните, царинските и други прописи.

(2) Во случај на престанок на работа на зоната, основачот/ корисниците ја задржуваат сопственоста врз објектите кои ги изградиле во зоната, како и врз правата и капиталот кои ги инвестирале во зоната и можат да продолжат со своето работење во согласност со законската регулатива на Република Македон

## Дел осум-а
## НАДЗОР

### Член 45 - а

**(1) Управен надзор врз законитоста на работењето на основачите на зона во случај кога основач на зона не е Владата на Република Македонија, како и на корисниците на технолошко индустриските развојни зони, врши Дирекцијата.**

**(2) Надзорот од став (1) на овој член го вршат овластени лица вработени во Дирекцијата.**

**(3) Овластените лица самостојно ги вршат работите на надзор и превземаат мерки за кои е овластен со овој и друг закон.**

**(4) Овластувањето за вршење на надзор овластеното лице го докажува со соодветен документ и истиот е должен да го покаже при вршењето на надзор, а на барање на контролираниот субјект, да му дозволи да го разгледа.**

**(5) Надзорот се врши без претходна најава, во време кога контролираниот субјект ги извршува своите активности, самостојно или по претходна пријава од страна на корисниците на технолошко индустриската развојна зона.**

**(6) Овластените лица го вршат надзорот ефикасно, водејќи сметка за заштита на јавниот интерес и до степен колку што е тоа можно за заштита на интересот на контролираниот субјект.**

**(7) Лицата од став (2) на овој член се овластени да:**

**1) вршат надзор во деловните постории на контролираниот субјект,**

**2) вршат надзор на споведувањето на одредбите од правилата на основачот и тарифник на основачот за извршени услуги на корисници во зона од член 34 од овој закон,**

**3) проверува идентификациони документи на лица поради потврдување на нивниот идентитет,**

**4) бараат од контролираниот субјект или од неговите вработени писмено или усно објаснување во врска со прашања од делокругот на надзор,**

**5) бараат стручно мислење кога е тоа потребно за надзор и**

**6) обезбедуваат други потребни докази.**

**(8) Доколку е оправдано потребно да се одземат или привремено да се чуваат документите, овластените лица можат:**

**1) да побараат од контролираниот субјект или од лице вработено кај истото што има овластување за тоа, да отвори и дозволи пристап во било која просторија и**

**2) да побара од кое било лице кое има овластување за тоа да обезбеди пристап до било кое досие и простории.**

**(9) Идентичноста на копијата со оригиналот на документите, доказите и информациите ја потврдува контролираниот субјект со свој печат и потпис или неговиот вработен со потпис.**

**(10) Контролираниот субјект е должен да соработува и на барање на овластеното лице за вршење надзор да му овозможи непречен пристап до просториите, документите, електронските системи или било кое друго средство предмет на надзор, како и да ја достави целокупната документација потребна за извршување на надзорот.**

**(11) Овластените лица од став (2) на овој член ги определува Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.**

## Дел десетти
## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 46

**(1) Глоба од 5.000 до 7000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице - основач на зона, ако:**

**1) овозможи вршење, односно ќе врши стопанска дејност во зоната спротивно на општите услови и корисниците ги става во нееднаква положба од членот 34 став (3) на овој закон,**

**2) не ги почитува одредбите од правилата на основачот и тарифник на основачот за извршени услуги на корисници во зона од членот 34 на овој закон,**

**3) не поднесе извештај за работењето на зоната во рок, форма и содржина согласно член 32 на овој закон,**

**4) не поднесе барање за измена на зоната во рок утврден согласно член 27 став (3) на овој закон.**

**(2) Глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член на одговорното лице на правното лице – основач на зоната.**

### Член 47

**(1) Глоба од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице - корисник на зона, кое:**

**1) не поднесе извештај за работењето во форма, содржина и рок согласно член 33 став (6) и став (8) на овој закон,**

**(2) Глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член на одговорното лице на правното лице – корисник на зона.**

**(3) Глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на физичкото лице – корисник на зона.**

### Член 47-а

**За прекршоците предвидени во член 47 и 48 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.**

### Постапка за порамнување
### Член 47-б

**(1) За прекршоците предвидени во член 46 и 47 од овој закон, овластените лица за вршење надзор се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.**

**(2) Овластените лица за вршење надзор составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.**

**(3) Во записникот се определува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторувањето на прекршокот.**

**(4) Овластените лица за надзор во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот му дава платен налог.**

**(5) Се смета дека сторителот на прекршокот со потпис на прием на платниот налог се согласува да ја плати глобата.**

**(6) Сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на платниот налог на сметката означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во тој рок ќе плати само половина од изречената глоба. Поуката за тоа право е дел од правната поука на платниот налог.**

**(7) Во пстапката која ќе заврши со издавање на платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.**

**(8) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот предвиден во ставот (6) на овој член, овластените лица за вршење надзор ќе поднесат барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд.**

**(9) Овластените лица за вршење надзор се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.**

## Дел десетти
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Продолжување со работа на Дирекцијата
### Член 48

(1) Дирекцијата за слободни економски зони основана со Законот за слободни економски зони ("Службен весник на Република Македонија" број 56/99, 41/00 и 6/02), продолжува со работа како Дирекција за технолошки индустриски развојни зони со надлежностите утврдени во овој закон.

(2) Директорот на слободните економски зони со денот на влегување во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до истекот на мандатот за кој бил именуван пред влегувањето во сила на овој закон.

(3) Претседателот на Управниот одбор на слободните економски зони со денот на влегување во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата претседател на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до истекот на мандатот за кој бил именуван пред влегувањето во сила на овој закон.

(4) Членовите на Управниот одбор на слободните економски зони со денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до истекот на мандатот за кој биле именувани пред влегувањето во сила на овој закон.

(5) Работниот однос на вработените во Дирекцијата за слободни економски зони со денот на влегувањето во сила на овој закон им продолжува како работен однос во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**Усогласување на постојните слободни зони**

**Член 49**

Постојните слободни зони продолжуваат со работа како технолошки индустриски развојни зони и се должни да го усогласат своето работење со условите пропишани со овој закон и да добијат одобрение согласно со членот 26 од овој закон, во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Донесување на поблиски прописи**

**Член 50**

Подзаконските акти, предвидени во овој закон, ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Закон кој престанува да важи**

**Член 51**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за слободни економски зони (“Службен весник на Република Македонија” број 56/99, 41/00 и 6/02).

**Примена на одделни одредби**

**Член 52**

(1) Членот 9 став (1) точка 1) од овој закон престанува да се применува со денот на пристапување на Република Македонија кон Европската Унија.

(2) Членот 42 став (1) од овој закон, престанува да се применува со денот на пристапување на Република Македонија кон Европската Унија.”

**Влегување во сила**

**Член 53**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.